РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-161/2
21-04-2022

Врз основа на член 22 став 1, во врска со член 17 став 9 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65та седница одржана на ден 15.04.2022 година донесе

**Одлука**

- Се констатира состојба на судир на интереси кај лицето ----- ------- – директор на ООУ „---- --------" ---- -----.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата со број 09-161/1 од 05.01.2022 година се потврдуваат.

Против горенаведеното лице, Државната комисија за спречување на корупцијата ќе превеземе дејствија согласно член 77 од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет со број 09-161/1 од 05.01.2022 година врз основа на пријава од познат подносител - Советник просветен инспектор, во која наведува дека врз основа на член 34 од Законот за просветна инспекција со сите измени и дополнувања, а во врска со извршен вонреден инспекциски надзор во ООУ „---- ------" -----, при што е утврдена повреда на членовите 74 и 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, со тоа што на 01.09.2021 година директорот на училиштето потпишал Решение за трансформирање на работниот однос на неопределено време бр.02-369/2 на неговиот син ------ ------ и Решение за вработување бр.02-82/1 од 18.02.2020 година на неговата снаа ------ ------, без притоа да побара да биде изземен од постапката за потпишување и одлучување. Постапката за вработување е извршена согласно член 10 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.

Во записникот, самото службено лице ------ ------, изјавува дека потпишал решенија на негови блиски лица, односно на син и снаа.

При разгледување на наводите во пријавата која е поткрепена со записник од извршен инспекциски надзор доставен во прилог, видно е дека во конкретниот случај директорот на ООУ „---- -----" ------, со своите дејствија за потпишување на Решение за вработување, односно за трансформирање на работниот однос на неопределено време постапил спротивно на обврската за изземање и се довел во состојба на судир на интереси.

Имајќи ја во предвид таквата состојба, на седницата одржана на ден 15.04.2022 година, согласно член 77 став 1 од ЗСКСИ ДКСК донесе Одлука со која се констатира состојба на судир на интереси кај лицето ----- ----- --- директор на ООУ „---- ------" ------, затоа што за време на вршењето на својата службена должност, на ден 18.02.2020 година потпишал Решение за вработување на негово блиско лице- снаа ------ ------ и на ден 01.09.2021 година, потпишал Решение за трансформирање на работниот однос на неопределено време на

негово блиско лице- син, без притоа да се изземе од постапката и да го пријави личниот интерес, што е спротивно на член 74 и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите. За констатираната состојба, ДКСК ќе го извести горепоменатото лице и од него ќе побара во рок од 15 дена од доставување на одлуката да преземе дејствија со кои ќе го отстрани судирот на интересите.

Член 74 став 1

*(1) Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси*

Член 75 став 1

*(1) „Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување."*

Од цитираните одредби, произлегува дека констатираната состојба во конкретниот предмет е спротивна на обврската за пријавување на приватниот интерес и изземање од постапување во ситуации кога постојат околности кои укажуваат на судир на интереси.

Имено, постапувајќи по предметот, при проверка во сопствените бази со податоци, ДКСК утврди дека службеното лице ------ ------- не ја исполнил обврската предвидена во член 56 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, каде се предвидува дека именуваното лице е должно да ја извести ДКСК за секој избор, именување или вработување, унапредување на член на неговото семејство во рок од десет дена од денот на извршениот избор, именување, унапредување или вработување.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, ДКСК согласно член 114 став 3 ќе поведе постапка за порамнување за сторените прекршоци казниви по член 107 став 1 алинеја 2 во врска со член 74 и член 75 и член 105 став 1 алинеја 14 во врска со член 56 од ЗСКСИ.

Поради се погоре наведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител